Прегледни научни рад
УДК:316.624.72/.73-053.2
ДОИ:10.7251/ZND2601707S

НУКЛЕАРНОТО СЕМЕЈСТВО И ДЕЦА ВО РИЗИК

Др Драган Стефановски[338]
СУГС „Орце Николов“ Скопје

Апстракт: *Карактерот на современото општество подразбира постојан процес на своевидна транзиција и адаптација, како на поединецот, така и на групите гледано во целина. Со менување на поединецот се менуваат и традиционалните вредности, она што некогаш било незамисливо, сега е реалност. Современото семејство, видно ја менува својата улога, пред се од постојана трка со времето и желбите, работните ангажмани, и креирање на слободното време, при тоа свесно или не, запоставувајќи ја обврската кон своите деца. Така младата личност е во процес на ,,постојано учење“ како да се однесува во непосредната околина, што е прифатливо, а што не. Тој, учи од семејството, училиштето, медиумите, но учи и од своите врсници. Иако глобализацијата доведе до брз технолошки развој, истата не го реши проблемот со малолетничката делинквенција. Фокусот на нашето внимание во оваа теоретско-емпириска студија е насочен кон промената на вредносниот систем кај адолесцентот/ средношколецот. Притоа го согледуваме и судирот на вредносните системи на формалното образование и неговиот ,, антипод“ мрежата на интернет и социјалните мрежи. Компетенцијата во општеството во секоја негова еволутивна форма станува се посилна, а општествено пожелните вредности и таргети се повисоки и понедостижни за дел, од младата популација. Моралниот дефицит кај адолесцентите го анализирам од перспектива на генерал стеин теоријата и теоријата аномија која ја поткрепувам и со емпиријска студија.Воедно се задржувам и на формалното образование во контекст на креирање на моралниот систем кај младиот човек, како и на детектирање на улогата што ја имаат масовни медиуми и групата на врсници, на планот на отфрлање на традиционалните вредности.*

Клучни зборови*: современо семејство, малолетничка делинквенција, образование, социјални мрежи, медиум*

Вовед

Глобалните промени во општеството, битно влијаеа и на самото функционирање на семејството, како од аспект на неговото формирање, така и од улогата на секој негов член. Видливо е дека современото општество придонесува за сè подоцнежно стапување во брак, преферирање на нуклеарно семејство, зголемен број на разводи, и бракови со едно, или без деца. Можеме да кажеме дека се зголемува бројот на лица кои живеат во вонбрачни заедници, особено во урбаните средини. Немањето на економски можности за самостојно живеење особено на просторот на поранешната држава, како и во Р. Македонија е главниот фактор на многучлени семејства особено во руралните и помалку развиени средини. Истото само по себе

[338] draganstefanovski@hotmail.com

доведува до различно гледање на појавите во современото општество, односот кон глобалните промени сврзани со економско-технолошкиот развој, односот кон медиумите како и глобалната политика. Сето наведено придонесе и за градење на нови гледишта за улогата на слободното време и негово правилно користење, имајќи во вид дека истото често се користи за асоцијално и девијантно однесување. Ваквото однесување се детектира како кај секоја економска група така и кај млади со различно ниво на образование. Во овој контекст младите се импулсивни, а во својата акција наоѓаат вид на економска и емоционална сатисфакција. Сите овие размисли се опфатени и со емпириско истражување реализирано во градот Скопје во периодот февруар-март 2026 година на примерок од 200 испитаници, со кое сакаме да ги потврдиме нашите размисли.

Улогата на нуклеарното семејство во постмодерното општество

Кога говориме за семејството, веднаш ќе ја спомнам дефиницијата што ја дава Гиденес. Имено „семејство е група на лица директно поврзани преку роднински врски, возрасните членови ја преземаат одговорноста за грижа на децата“ (Giddens, 2006:206). Видливо е дека феминистичките движења во светот доведоа до релативно порамнување помеѓу половите. Иако изедначувањето на мажите и жените во јавната сфера доведува до помала асиметрија во приходите, со што жената/мајка значително придонесува во семејниот буџет, улогата на мажот како хранител и глава во семејството сеуште останува иста. Одредени промени се видливи во „новата улога“ на мажот во преземањето на дел од обврските кои во минатото биле својствени за жената-мајка. Низа ендогени и егзогени фактори често доведуваат до извесна дисфункционалност во семејствата која разбирливо се одразува и на најмладите членови во семејството. Брзите глобални промени, урбанизацијата и миграциите, прифаќањето на вредности од западно развиени општества, се клучните фактори кои доведуваат до промени во традиционалните семејства. Сегалан, говорејќи за Диркем и неговите размисли за семејството вели: „ Денешното семејство не изгледа ни повеќе ни помалку совршено во однос на некогашното: тоа е поинакво затоа што и околностите се поинакви. Модерното „нуклеарно семејство“ не е во состојба да ги разреши проблемите на општествена интеграција, која била негова опсесија. Модерните семејни врски не се засноваат на наследство. Она што поврзува генерации се афективното чувство и право на избор кои се многу помалку цврсти“ (Segalan, 2009 :29).

Процесот на глобализација, што доведе до брз економски развој, и промени во секоја општествена сфера, се рефлектира и во основната алка во семејството. Тоа е особено видливо во односот маж/жена; родител/ дете, губењето на улогата авторитет на најстариот член во семејството, како и намалување на интензитетот на меѓусебна комуникација. Истото често се заменува со комуникација со лица од виртуелниот свет кој имаат предмет на ист интерес.

Семејството како основна алка во општеството дава сигурност и доверба, гради способност и вештина во комуникација на секој нејзин член, а со тоа дава и свој придонес на општеството во кое живее. „ Семејството претставува систем во кој се одигруваат процеси кои треба да овозможат остварување на потребите за раст и развој на секој член а особено децата во склад со неговите природни потенцијали. Нај елементарните обележја на функционалноста на семејство се: јасните граници, јасната комуникација, како и јасно поставените родителски цели“ (Saveski, 2015: 61).

За процесот на воспитување во образованието

Процесот на воспитување претставува планска и системска дејност, која има за цел оформување на личноста и успешно вградување во алката на општественото живеење. Низ процесот на образование и воспитување се воспоставува постојана поврзаност помеѓу поединецот со општеството, минатото со сегашноста, и сегашноста со иднината. Промените предизвикани од глобализацијата доведуваат и до промени не само во образовниот туку и во воспитниот процес. Човекот со своето размислување, креирање и однесување ја слика картата на иднината. Заедничко за сите временски периоди е континуираниот опстанок на феноменот воспитување, но различни се само методите на нивното манифестирање.

Кризата во општеството, доведува и до криза во семејството, која се одразува и на најмладите членови. „Токму расцепот создава кај децата и младите ерозија на морал, дезориентација на ставови и несоодветно однесување кои поприма својство на вирус“ и се шири, лесно создавајќи криминогена инфицирана личност“ (Macanović, 2015:48).

Поагајќи од наведеното разбирливо е што младите најлесно ги прифаќаат за свои вредности, и стил на комуникација, токму своите врсници, но и социјалните мрежи и електронски медиуми, со кои се преплавени. Но зошто истото го прават? Најчесто поради „стравот“ да не бидат отфрлени и маргинализирани, момент од кој најмногу се погодени. Младите сè помалку се осврнуваат на авторитетот во семејството, што води кон отстапување, девијантност и деструктивност во семејството манифестирано во најразлични форми на семејно насилство, но и вон него во девијантно и криминогено однесување во училиштата и јавниот простор.. Секогаш треба да се има во вид дека стекнатото воспитување во семејството и образовниот процес се клучни алки кои младата личност ја прават компетентна за интеракција не само со своите врсници туку и со возрасните, притоа воспостувајќи чувство на емпатија, но и градење на свест за последиците од евентуалното свое непромислено однесување.„ Училиштето е општествена институција, подложна на општествени влијанија, но и на општествена контрола. За својата работа школата е одговорна, покрај општеството и родителите. Училиштето во реализација на своите функции остварува соработка со поголем број на општествени институции. Сепак најзначајна е соработката со семејството“(Mikanović & Jevtić, 2015,130).

Низ ваквата комуникација младата личност најчесто правилно ја согледува другоста-различноста, без да создаде чувство на маргиниланост и градење на стереотипи. Низ интеракцијата со врсниците се манифестира однесување како и зашто треба да соработуваат, да разменуваат искуства и да си помагаат едни на други. Од друга страна во образовниот и воспитен процес треба да се има соодветна програма и организација кон условно „отфрлените“ ученици, знаејќи дека истите не треба да се препуштат на „судбината на улицата“, дека им треба соодветна помош и вклучување во програми осмислени за градење на позитивните социјални интеркултурални односи, и успешно вклучување во процес на правилно користење на слободното време. Мацановиќ со право вели дека „ школото не смее да биде единствена установа или фактор кој треба да влијае на социјализација на детето но секако тоа мора да ја менува својата функција и се повеќе да се подготвуваат децата за живот (Macanović, 2015:60).

Битно е да се избегне „судбината на социјална изолираност“ на секој млад човек. Истите цели ги остварува преку училишната програма, начинот на изведување на наставата како и самата организација на живот во училиштето. Улогата на наставниот и воспитен кадар е да го трасира патот на ученикот кој води кон самостојно решавање на било каков проблем, избегнување на

механичкото учење, прифаќање на учениците и кога доживуваат неуспех, и се соочуваат со емоционална нестабилност агресивност или повлекување. Во училиштето детето за прв пат се соочува со групна дисциплина и општествен авторитет.

За слободното време и улогата на образованието

За улогата на слободно време, се осврнуваме повеќе од социолошки отколку од криминолошкиот аспект, иаку и двете науки поаѓаат од слични моменти. Слободното време е појава која за индивидуата може да буди моменти на задоволство, но и момент на критика видена низ девијантноста и деликвентноста. „ Глобализацијата ги принудува луѓето да прифаќаат начини, модели на однесување што доаѓаат од други средини и култури“ (Ацески, 2013:350). Тоа се однесува во сферата на работа, семејството, образованието, дури и во начинот на организирање и планирање на слободното време.

Во суштина поединецот е тој, клучниот што одлучува како и каде ќе го организира и користи слободното време. Поединецот искуствено се оспособува за самостојно организирање на истото. Различни активности во користењето на слободното време доведуваат до создавање средина во која децата и младите креираат односи што придонесуваат за социјален развој на личноста. Оттука посебно е важно творечкото користење на слободното време, бидејќи позитивно се одразува на градење на идентитет на секоја индивидуа. Несоодветното користење на слободно време разбирливо доведува до девијантно однесување кое се одразува во нарушување на JPM, дрско однесување при комуникација како со врсници, така и со возрасни и слично. Педагозите со полно право укажуваат на поврзаноста на количината на слободно време и форма на асоцијално однесување. Во овој контекст ќе го цитирам Хорват кој вели:„колку е адсолесцентот постар, деликвентното однесување постанува стил на живот и создава чувство на општествена важност, а во деликвентското дело гледа „херојско дело и авантура“ (Horvat,2008:77 vo Macanovic, 2015:49).

Квалитетот на слободното време одреден е од животниот стил на поединецот. Со оглед на тоа дека слободното време е поврзано со слобода на изборот и мотивацијата, тоа секогаш произведува делување кое може да биде прифатливо или неприфатливо.

Анализа на емпириски податоци

За креирањето на реална перцепција во контекст на современо семејство и вредносниот систем на адолесцентите/средношколците во постмодерното општество, во периодот февруари-март 2026 година на територијата на град Скопје реализирано е емпириско истражување со примерок од 200 испитаници. Анализата е своевиден структурално функционален систем составен од три сегмети: анализа на сет од добиени податоци за формалното образование и неговата улога за вредносниот систем, улогата на интернет и улогата на семејството при формирањето на вредносниот систем на децата. Формалното образование претставува круцијален сегмент од општеството па со него ќе ја започнам и анализата на добиените податоци.

Табела 1. Вредносниот систем на формалното образование остварува се помал импакт врз вредносниот систем на адолесцентот/средношколецот.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	75	37.5	37.5	37.5
	Се согласувам	61	30.5	30.5	68.0
	Немам миселење	15	7.5	7.5	75.5
	Не сесогласувам	27	13.5	13.5	89.0
	Воопшо не се согласувам	22	11.0	11.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Генезата на кризата на вредносниот систем меѓу адолесцентите/средношколците ја согледуваме преку два сегменти, едниот е формалното образование а вториот семејството. Формалното образование за жал остварува се помало влијание при градењето на вредносниот систем. Од анкетираните, 37.5% целосно се согласуваат со ставот, 30.5% се согласуваат,13.5% не се согласуваат со ставот и 11% воопшто не се согласуваат додека 7.5% немаат мислење.

Табела 2 Современите масовни медиуми се главниот агенс кој влијае при формирањето на вредноснито систем кај младиот човек.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	69	34.5	34.5	34.5
	Се согласувам	97	48.5	48.5	83.0
	Немам миселење	23	11.5	11.5	94.5
	Не сесогласувам	11	5.5	5.5	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Општествената трансформација иницирана од вредносниот систем на процесот на глобализација остварува влијание во секој сегемент на општеството. Мнозинството од анкетираните 48.5% се согласуваат со ставот, 34.5 % целосно се согласуваат 11.5 % немаа мислење, додека 5.5% не се согласуваат со наведениот став. Вториот сегмент од сетот на прашња поврзан е со современите интернет медиуми и нивното влијание врз младата популација.

Табела 3 Социјалните мрежи и ју-туб канали битно влијаат на отфрлање на традиционалните, а прифаќање на нови неидентитетски вредности.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	89	44.5	44.5	44.5
	Се согласувам	70	35.0	35.0	79.5
	Немам миселење	18	9.0	9.0	88.5
	Не сесогласувам	23	11.5	11.5	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор:емпириско истражување

Користењето на современите интернет медиуми претставува соочување со често непроверени содржини од различен карактер. Интернет просторот прерасна во локација каде секој стана свој медиумиски уредник. Во интернет просторот се споделуваат содржини кои често отстапуваат

од традиционалните семејни вредности, простор во кој на адолесцентите им е понуден нов сет на вредности блиски до напуштање на концептот на идентентитет. Резултатите покажуваат дека 44.5% целосно се согласуваат со ставот, 35.0% се согласуваат, 11.5% не се согласуваат а 9.0% немаат мислење по ставот.

Табела 4 Губењето на пожелните семејни врдности помеѓу адолесцентите е се почест случај во постмодерната.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	80	40.0	40.0	40.0
	Се согласувам	57	28.5	28.5	68.5
	Немам миселење	7	3.5	3.5	72.0
	Не сесогласувам	44	22.0	22.0	94.0
	Воопшо не се согласувам	12	6.0	6.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор:емпириско истражување

Чест проблем помеѓу адолесцентите е исчезнување на семејните вредности. Односно позитивниот вредносен систем кој децата преку нивната социјализација го превземаат од своите родители. Младиот човек адолесцент се соочува со криза на вредности. Од анализата се гледа дека целосно се согласуваат со ставот 40%, 28.5% се согласуваат, 22% не се согласуваат, 6% воопшто не се согласуваат додека 3.5% немаат мислење по ставот.

Кризата на системот на моралните вредности кај младиот човек ја забележуваме во секоја општествена сфера. Од начинот на нивното однесување во рамки на семејството, преку нивното однесување во училиштето како и начинот на комуницирање на социјалните мрежи видливо е одсуство на морални вредниости кај младите.

Табела 5 Напуштањето на традиционалните семејни вредности носат појава на зголемено девијантно однесување кај маладите луѓе.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	99	49.5	49.5	49.5
	Се согласувам	36	18.0	18.0	67.5
	Немам миселење	18	9.0	9.0	76.5
	Не сесогласувам	15	7.5	7.5	84.0
	Воопшо не се согласувам	32	16.0	16.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Родителите на своите деца во функционалните семејства им пренесуваат позитивни општеставени вредности и им го посочуваат конформистичкиот начин на постигнување на општествените цели. Отсатапувањето од овој вредносен систем кај дел од младата популација придонесува за појава на девијантно однесување. По наведениот став, 49.5% целосно се согласуваат,18% се согласуваат ,16% воопшто не се согласуваат 7.5% не се согласуваат односно не размислуваат во овој контекст а 9% немаат мислење по ставот.

Табела 6 Генерацискот јаз во вредносниот систем во рамките на семејството се се поизразени.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	53	26.5	26.5	26.5
	Се согласувам	84	42.0	42.0	68.5
	Немам миселење	20	10.0	10.0	78.5
	Не сесогласувам	31	15.5	15.5	94.0
	Воопшо не се согласувам	12	6.0	6.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Судирот на системот на вредности кој го поседуваат родителите со тој на децата ја иницира појавата на генерациски јаз во постмодерното општестество. Особено тоа се однесува за повеќечлени и повеќегенерациски семејства. Современиот начин на живот е несфатлив и неприфатлив за постарите генерации, и лица со патријалхални сфаќања, поради што и доведува до јаз и недоразбирање меѓу членовите во семејството. Резултатите покажуваат дека 42 % се соглассуваат, со ставот, 26.5% целосно се согласуваат, 15.5% не се согласуваат, 6 % воопшто не се согласуваат додека 10% од анкетирните немаат мислење.

Процесот на губење на традиционалните семејни вредности или нивно не усвојување од страна на децата во текот на процесот на социјализација го иницира процесот на аномија кај овие млади индивидуи односно нивно неконформистичко однесување при постигнување на општествено прифатливите цели. Напуштањето на традиционалните семејни вредности често доведува до девијантно однесување кај младите во рамките на семејството, но и надвор од него.

Табела 7 Менувањето на улогата на членови во семејство доведува до различни форми на семејно насилство и фемицид.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	68	34.0	34.0	34.0
	Се согласувам	77	38.5	38.5	72.5
	Немам миселење	12	6.0	6.0	78.5
	Не сесогласувам	12	6.0	6.0	84.5
	Воопшо не се согласувам	31	15.5	15.5	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Дополнително асцелерираните економски вредности „наметнати“ како пожелни и неможноста секој поединец да ги постигне на легитимен начин креира незадоволство кај дел од населението чија кулминација се манифестира во судар на интереси и ега како во семејството така и во општеството во целост. Мнозинството од анкетираните, поточно 38.5% се сложуваат а 34 % целосно се сложуваат со ставот, воопшто не се сложуваат 15.5% додека 6% не се согласуваат односно немаат изградено став 6% од анкетираните.

Табела 8 Несоодветно користење на слободното време кај група на врсници влијае на ширење на супкултури (контракултури) кои се во спротивност на општествените вредности.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	82	41.0	41.0	41.0
	Се согласувам	55	27.5	27.5	68.5
	Не сесогласувам	51	25.5	25.5	94.0
	Воопшо не се согласувам	12	6.0	6.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Адолесцентите се соочуваат мошне често и во текот на учебната година со значен временски период кој не е исполнет со активности од страна на формалното образование односно слободното време. 41% целосно се согласува со ставот, 27.5% се согласува со ставот односно размилсува во контекст дека несодветното користење на слободното време влијае на ширење на супкултура односно контракултури кои се во спротивност на општествените вредности. Вака не размислуваат 25.5% од анкетирните кои не се согласуваат со овој став и 6% кои воопшто не се согласуваат со истите.

Табела 9 Недоволното внимание на родителите кон децата во семејството, е фактор кој придонесува за појава на деструктивност, во системот на индивидуална и групна комуникациија.

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	Целосно сесогласувам	63	31.5	31.5	31.5
	Се согласувам	69	34.5	34.5	66.0
	Не сесогласувам	36	18.0	18.0	84.0
	Воопшо не се согласувам	32	16.0	16.0	100.0
	Total	200	100.0	100.0	

Извор :Емпириско истражување.

Недоволното родителско внимание кон децата во рамки на семејството е фактор кој влијае на појавата на исчезнување на општествените норми и вредности а со тоа и појава на деструктивност при комуникацијата како на социјалните мрежи така и во реалната комуникација. Во овој контекст, најголем дел од анкетираните поточно 34.5% се согласуваат со ставот, 31.5% целосно се согласуваат со истиот, немаат став 18% додека 16% воопшто не се согласуваат .

Занемарувањето на вредносниот систем на семејството во постмодерното македонско општество од страна на адолесцентите не познава етничка, конфесионална или слоева припадност. Од спроведеното истражување евидентно е губењето на примарната улога на современото/нуклеарното семејство како и на формалното образование при креирањето на вредносниот систем на адолесцентите.

Заклучок

Теоретско-емпириската студија креира реална перцепција за современото/нуклеарното семејство и неговата улога при градењето на вредносниот систем на адолоесцентите/ средношколците во македонското општество. Процесот на губење на традиционалните семејни вредности или нивно не усвојување од страна на децата во текот на процесот на социјализација го иницира процесот на аномија кај овие млади индивидуи односно нивно неконформистичко однесување при постигнување на општествено прифатливите цели. Намаленото влијание на

формалното образование при креирањето на вредносниот систем кај истите влијае на појавата девијантното однесување манифестирана низ лепеза од активности со кој се нарушува јавниот ред и мир, однесувања кои се неприфатливи за пошироката јавност од аспект на обичајните, морални и со закон пропишани норми. Недоволното родителско вниамние кон децата во рамкте на семејството е клучен фактор кој влијае на појавата на исчезнување на општествените норми и вредности а со тоа и појава на деструктивност при воспоставување на комуникација како на социјалните мрежи така и во нормалната комуникација во секојдневието.

Користена литература:

1. Ацески, И. (2013). Социологија.Филозофски Факултет-Скопје:Скопје.
2. Giddens, A. (2006). Sociology. Polity Press:Cambridge UK.
3. Macanović, N. (2016).Maloletnićka delikvencija. Evropski defendologija centar: Banja Luka.
4. Macanović, N. (2015).Pedagoške aktuelnosti. Udruženje nastavnika I saradnika Univerziteta u Banjoj Luci:Banja Luka.
5. Macanović, N. (2015). Kontrolisana sloboda.Udruženje penologa religije: Banja Luka.
6. Mikanović, R & Jevtić, B. (2015). Pedagogija. GrafoMark-Laktaši: Banja Luka.
7. Savevski, Z. (2015). Porodični obrasci koji utiču na podsticanje I sputavanje kreativnosti kod dece. U Zbornik radova Međunarodna konferencija Uticaj porodice na formiranje kretivne ličnosti. FFUNS: Novi Sad.
8. Segalan, M. (2009) Sociologija porodice, Cliob Beograd.
9. Taner, Dž. (2009). Sociologija.Mediteran publishing: Novi Sad.
10. Томсон, В & Бинам, Џ .(2014). Малолетничка деликвенција-Социолошки пристап. Скопје: Ламина.

NUCLEAR FAMILY AND CHILDREN AT RISK

Ph.D Dragan Stefanovski
High school „Orce Nikolov“ – Skopje

Abstract: *The nature of modern society implies a constant process of transition and adaptation, considering both the individual and the groups as a whole. As the individual changes, traditional values also change; what was once unthinkable is now a reality. The modern family is visibly changing its role, primarily due to the constant race against time and desires, work commitments, followed by the intention of creating liesure time, while consciously or unconsciously neglecting the obligation to their children. Thus, the young person is in a process of "constant learning" how to behave in the immediate environment, what is acceptable and what is not. He learns from his family, school, the media, but also from his peers. Although globalization has led to rapid technological development, it has not solved the problem of juvenile delinquency. In this theoretical-empirical study we are focusing our intention towards the change in the value system of the adolescent/high school student. Simultaneously we are analyzing the clash of the value systems of formal education and its "antipode" the internet and social networks. Competence in society, in every evolutionary form, is becoming stronger,the socially desirable values and targets are higher and more unattainable for a portion of the young population especially children at risk . We analyze the moral deficit in adolescents from the perspective of the Strain theory and the Anomie theory, which is also elaborated with an empirical study. I also dwell on formal education in the context of creating a moral system in a young person, as well as detecting the role played by mass media and peer groups in the rejection of traditional values.*

Keywords: *nuclear family, juvenile delinquency, education, social networks, media.*